Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 21 и член 191 став (12) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и член 16 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19, бр.93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 април 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.109 Скопје-Кисела Вода, се стекнува со статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277.
2. Податоци за носителот на решението:
   - назив и седиште: Друштво за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.109 Скопје-Кисела Вода.
3. Податоци за електроцентралата:
   - единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-174,
   - назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277“,
   - податоци за локација на електроцентралата: на КП бр.1/1, КП бр.1/2, КП бр.1/3, КП бр.1/4, КП бр.1/5, КП бр.1/6, КП бр.1/7 и КП бр.1/8, КО Банско Вон Град, Општина Струмица,
   - инсталирана моќност на електроцентралата: 238,5 kW,
   - планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 842.481 kWh.
4. Ова решение престанува да важи на 29 април 2044 година.
5. Ова решение се доставува до Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
6. Ова решение влегува во сила седмиот ден од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје, согласно Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, на 2 април 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр.08-215/24 и Барање за користење на повластена тарифа на електрична енергија заведено под архивски број УП1 бр. 08-216/24 за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277, со инсталирана моќност од 238,5 kW и со локација на на КП бр.1/1, КП бр.1/2, КП бр.1/3, КП бр.1/4, КП бр.1/5, КП бр.1/6, КП бр.1/7 и КП бр.1/8, КО Банско Вон Град, Општина Струмица.

Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје е носител на Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена

од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277“, УП 1 бр.08-184/13 („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/13, 50/15, 167/15, 67/16, 74/17, 150/17 и 73/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/19, 56/20,9/21, 109/21, 237/21, 66/22, 209/22, 54/23 и 20/24).

Врз основа на член 191, став (11) од Законот за енергетика* и член 13 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика на 8 април 2024 година побара Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија да издаде потврда дека хидроелектроцентралата „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277, на Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје е изградена и ги исполнува услови и инсталираната моќност утврдени со Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

На 11 април 2024 година, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија издаде Потврда бр.03-216/2 дека хидроелектроцентралата „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277, на Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје е изградена и ги исполнува услови и инсталираната моќност утврдени со Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

На 14 март 2024 година, Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 Бр. 12-14/24 (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/24) и Решение за исправка на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 Бр. 12-14/24 од 1 април 2024 година, на Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 15, став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, изготви Предлог решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија. Предлог - решението, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-761/1 од 19 април 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 22 април 2024 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - решението од страна на присутните.

Од доставената документација од страна Друштвото за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје се утврди дека Барањето за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр.08-215/24, за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 277“ со реф. бр. 277, е комплетно и нема недостатоци и издадената Потврда од Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија е позитивна.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-215/24**
**22 април 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**